РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-2113/2
17-03-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина средина (Сл. Весник на РСМ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89 /22 и 171/22,) член 128 од Законот за управување со отпад (Сл. Весник на РСМ број 216/21), член 225 од Законот за води (Сл. Весник на РСМ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21), член 53 од Законот за заштита од бучавата (Сл. Весник на РМ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15, 96/2019 и 151/21), член 73 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух (‚Службен весник на РСМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21) и член 38 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр. 75/2010), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за формирање на Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје**

1. Се формира Комисија за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје во следниот состав:

Претседатели на комисијата се :

-**Тања Пауновска**, Сектор за соработка со локалната самоуправа и управно надзорни работи.

-**Танја Кироска Филиќ**, Сектор за соработка со локална самоуправа и управно надзорни работи

Членови се претставници од стручните сектори во областите во кои се врши надзорот:

<u>СЛС, Член:</u>
**- Лумни Јашари** - Сектор за соработка со локалната самоуправа и управно надзорни работи

<u>ЖС, Членови:</u>
- **Влатко Цветаноски** - Сектор за животна средина
- **Мустафа Ќамили** - Сектор за животна средина

<u>ИСКЗ, Членови:</u>
- **Фатос Балиу**- Сектор за индустриско загадување и управување со ризик
- **Ирена Николовска** - Сектор за индустриско загадување и управување со ризик


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Отпад, Членови:
- **Даниела Ристова**- Сектор за управување со отпадот
- **Ислам Халити** - Сектор за управување со отпадот

Води, Членови:
- **Мелита Гочевска**- Сектор за води
- **Даниела Наумоска** - Сектор за води

Природа, Членови
- **Валентина Чавдарова** – Сектор за природа
- **Исуф Фетаи** – Сектор за природа

Просторно планирање, Членови
- **Дајана Марковска** – Сектор за просторно планирање
- **Соња Фурнаџиска** – Сектор за просторно планирање

-Во комисијата ќе членуваат и државни инспектори за животна средина по потреба и на барање на претседателот на комисијата.

2. Комисијата е должна во текот на годината да изврши надзор на законитоста на работата на органите на општините и општините во Град Скопје кои се наведени во Планот за вршење на законитоста на работата на органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје кој се носи на почеток на секоја година.

3. Комисијата е должна да ги извести надлежните лица од општините, Град Скопје и општините во Град Скопје кои се предмет на надзор најмалку 15 дена пред извршување на надзорот.

4. Комисијата е должна да подготви извештај за секој извршен надзор на општините и општините во Град Скопје и да го објави на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

5. Комисијата е должна, за извршениот надзор да го извести министерот за животна средина и просторно планирање, државниот секретар, Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС.

6. Примерок од ова Решение да се достави до членовите на оваа комисија и архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

7. Комисијата од ова Решение има мандат од 4 (четири) години.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

8. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина, член 137 од Законот за управување со отпадот, член 225 од Законот за води, член 53 од Законот за заштита од бучавата, член 73 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух и член 38 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, се подготвува План за надзор за конкретни општини со идентификувани области за надзор, динамика и временската рамка за вршење на надзор. По донесување на Планот за надзор од страна на министерот за животна средина и просторно планирање оваа комисија е должна истиот да го реализира.

Министер,
Каја Шукова

Изработил: Тања Пауновска
Одобрил: Државен секретар, Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk